Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), Општина Штип, на ден 06.04.2026 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планската документација за Детален Урбанистички План дел од населба Пребег, Урбан четврт СЗ 04.01 со намена А-градби за домување и престој на луѓе, Општина Штип кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација за Детален Урбанистички План за дел од населба Пребег, Урбан четврт СЗ 04.01 со намена А- градби за домување и престој на луѓе, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот престој и работа.Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А-домување и престој, Б-јавни институции, Д-зеленило спорт и рекреација и меморијални простори и Е-инфраструктура. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планирање на површини со конкретни просторни сообраќајни и инфраструктурни решенија. Поради ова целта на изработка на ДУП-от е формирање и дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална површина за градба согласно законите.Врз основа на деталната анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП-от за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Бр. УП 1 бр.18/25-284
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов

* ОПШТИНА ШТИП *